**20260480796**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 март 2026 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

1. Средствата за реализација на оваа програма се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, Раздел 12101, Програма 3, Потпрограма 30, Категорија 42, Ставка 425 Договорни услуги, во износ од 20.850.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

2.1 Заостанати обврски согласно Годишната програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2025 година, по однос на Договор за изработка на Просторен план на Република Северна Македонија, склучен со Агенција за планирање на просторот, во износ од 16.604.170,00 денари и

2.2. Стратегиска оцена за влијанието врз животната средина и врз здравјето на луѓето за нов Просторен план на Република Северна Македонија во износ 4.245.830,00 денари.

3. За спроведување на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 57-1261/9
3 март 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.